Правила и услови на страницата

1. Општо, толкување

Страницата ја поседува и раководи Wizz Air Hungary Ltd. (регистрирано седиште во 1103Будимпешта, Kőér street 2/A, Building B., Floor II/V.,, Унгарија, во понатамошниот текст „Wizz Air“).

За целите на овие Правила и услови: упатувањата „Вие“ или „Ваш“ се однесуваат на лицата што пристапуваат до страницата (како и тие што пристапуваат до страницата во име на други лица), а „страница“ ги опфаќа и веб-страницата и аликацијата на Wizz Air за мобилен.

2. Користење на страницата

Користењето на страницата ја означува Вашата согласност за почитување и дејствување во согласност со Правилата и условите за обезбедениот пристап до страницата што е детално наведено подолу.

Ако не се согласувате со Правилата и условите, немате дозвола и се согласувате да не ја користите или пристапувате до страницата.

3. Дозволено користење

Целта на оваа страница е исклучиво да Ви дозволи прегледување на производите и услугите на Wizz Air, како и организирање патувања со Wizz Air (или даватели на услуги од трета страна), купување услуги за патување, управување со резервациите, контактирање со Wizz Air или обезбедување информации за инвеститори или финанси и за ниедна друга цел.

Страницата може да ја користите само во согласност со овие Правила и услови и само за Ваши приватни, некомерцијални цели.

Особено, не Ви се дозволува:

- користење автоматски систем, алгоритам или софтвер за следење, извлекување или копирање какви било материјали или податоци (во целост или делови) од или преку страницата, без претходна писмена согласност од „Wizz Air“,
- лажно резервирање,
- користење софтвер, практика или уред или преземање дејства за попречување или обид за попречување на работата на страницата на кој било начин, или пак создавање неразумно голем товар на страницата, независно од тоа дали е намерно или не,
- обид за добивање или добивање неовластен пристап до некоја од мрежите или сметките на Wizz Air или до информации за други корисници, или
- поврзување со страницата без претходна писмена согласност од Wizz Air.

Ако ги прекршите Правилата и условите, без да ги загрозите другите права на Wizz Air, Wizz Air може да ги откаже Вашите резервации или купувања без да Ве извести; и/или да го оневозможи или блокира Вашиот пристап до страницата, или пак да постави посебни услови за Вас при пристапувањето до или користењето на страницата.

4. Права на сопственост

Сите информации, податоци и материјали на страницата (заедно со, но не ограничено на логоата, изгледот, структурата, палетата на бои и распоредот на страницата, кодирањето на софтверот и основните податоци и базата на податоци) се предмет на правата на заштитен знак, авторските права, правата на база на податоци и/или други регистрирани или нерегистрирани права на интелектуална сопственост.

Се забранува секакво користење или репродукција на информациите, податоците или материјалите на страницата, освен за дозволената лична, некомерцијална употреба и ќе се смета за непочитување на Правилата и условите и може да ги прекрши правата на интелектуална сопственост на Wizz Air или давателите на лиценцата на Wizz Air.

5. Ограничување на одговорност

Wizz Air нема да сноси одговорност за директни, индиректни, специјални, казнени или последични загуби или штети од секаков вид поради користењето на страницата или информациите на неа.

6. Владејачко право и судска надлежност

Правилата и условите и користењето на страницата, како и секој спор или тужба како резултат на или поврзани со тоа ќе подлежат на и ќе се толкуваат согласно законите во Унгарија, а Вие се согласувате да ја почитувате ексклузивната надлежност на судовите во Унгарија.

Во случаите кога Правилата и условите се преведени на други јазици освен унгарскиот, ако настане конфликт или несогласување, ќе преовладаат Правилата и условите на унгарски јазик.

Wizz Air го задржува правото да започне постапка против секоја страна што не ги почитува Правилата и условите („престапник“) во судовите на локацијата каде настанало прекршувањето, судовите во земјата каде се наоѓа живеалиштето на престапникот, исклучиво на лична одлука.

7. Општо

Wizz Air го задржува правото на променување на информациите или материјалите достапни на страницата во секое време и без претходно известување. Покрај тоа, Wizz Air може и да ги измени Правилата и условите во секое време и без претходно известување, а промената ќе стапи во сила веднаш по објавувањето на изменетите Правила и услови на страницата, што значи дека ако продолжите да ја користите страницата, се смета дека ги прифаќате промените.

**Последно ажурирање:** 23 Септември 2015